Врз основа на член 25 став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 19.07.2021 година, го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК
## за инструмент за поддршка –
## Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет
### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдуваат поблиските критериуми за доделување на средства преку инструментот Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновациии, како и начинот за доделување на средства, содржината на јавниот конкурс за доделување на средства, начинот на евалуација на поднесените предлог проекти, начинот на промоција, како и други процедури поврзани со доделување на средства од овој инструмент.

### Дефиниции
### Член 2

(1) Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за иновациската дејност, се употребуваат и дефиниции и појаснувања со следното значење:

1. **„Апликант“** значи трговско друштво кој до Фондот има поднесено предлог проект на отворен јавен конкурс за доделување средства согласно овој Инструмент.
2. **„Договор за доделување средства“** значи договор помеѓу Фондот и избран корисник, за доделување на средства согласно овој Инструмент, склучен во согласност со правилата и процедурите наведени во овој правилник.
3. **„Комитет за одобрување на инвестиции“** значи Комитет формиран согласно Законот за иновациската дејност.
4. **„Корисник“** значи Апликант кој ги исполнува критериумите за подобност од овој правилник и кој има потпишано Договор за доделување средства со Фондот.
5. **„План за управување со животната средина“** значи план за управување со животната средина за иновациски проекти изработен во согласност со важечките прописи за заштита на животната средина и намалување на загадувањето во Република Северна Македонија, во кој се дадени деталнни информации за мерките кои се соодветни односно неопходни за максимизирање на придобивките од Проектот, отстранување, надоместување односно ублажување на сите штетни ефекти врз животната средина, односно сведување на таквите ефекти на прифатливо ниво,

заедно со буџет и проценки на трошоци, извори на финансирање, соодветни институционални аранжмани и аранжмани за следење и известување кои овозможуваат соодветно спроведување и доставување на редовни повратни информации за усогласеноста со таквиот план за управување со животната средина.

6. „**Промена на сопственост на капиталот**“ значи, непосредно или посредно стекнување, постепено или одеднаш на удел односно акции во основната главнина на корисникот, од страна на кое било физичко лице или правно лице по пат на купопродажба, подарок, наследување (вклучително и во случај на смрт на мнозински содружник, односно акционер на корисникот), ликвидација, статусна промена или друг вид на договор или пренос.
7. „**Правилникот**“ значи овој правилник за инструмент за поддршка – Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации на Фондот за иновации и технолошки развој донесен од страна на Управниот одбор на Фондот .
8. „**Предлог проект**“ значи проект поднесен на отворен јавен конкурс за доделување на средства под овој Инструмент на Фондот со цел да се финансира преку ко-финансиран грант во согласност со критериумите и постапката предвидени во овој правилник.
9. „**Резултатите од проектот**“ значи какви било материјални или нематеријални резултати од проектот на кои се однесува договорот за доделување на средства, како што се податоци, знаење или информации, во каква била форма и од каква било природа, независно дали можат да бидат заштитени или не, кои се создадени преку таквите проектни активности, како и какви било права врз истите, вклучително и права од интелектуална сопственост.
10. „**Стручни лица**“ се надворешни стручни соработници ангажирани од Фондот во согласност со правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот при евалуацијата и давањето на стручно мислење за целите на спроведување на фазата на претселекција на предлог проектите по овој Инструмент.
11. „**Фаза на претселекција**“ е фаза на евалуација која се спроведува од страна на Стручните лица, назначени од страна на Фондот, кои го разгледуваат материјалот, доставуваат евалуација и стручно мислење на предлог проектите, што соодветствуваат со критериумите за евалуација, односно со целите на Инструментот.
12. „**Фаза на селекција**“ е фаза на евалуација која се спроведува од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции, кој врши евалуација на предлог проектите кои ја поминале фазата на претселекција и донесува конечна одлука за финансирање преку Инструментите на Фондот.
13. „**Фондот**“ е Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија.
14. „**Статусна промена**” е присоединување, спојување и поделба на трговско друштво на начинот и според условите определени со Законот за трговските друштва,

**Цел и опис на инструментот**

**Член 3**

(1) Целта на Инструментот за поддршка – ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации (во натамошниот текст: инструментот) е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор

и високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

**Член 4**

(1) Инструментот е наменет за претпријатијата кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија со висок потенцијал за раст.

(2) Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сѐ до пред-комерцијална (пред-пазарна) фаза.

**Општи критериуми за кофинансирањето од Фондот преку овој инструмент**

**Член 5**

(1) Преку овој инструмент Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: Фондот) обезбедува финансиска поддршка во максимален износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари и тоа:

- за претпријатија чиј просечен број на вработени е до 50 (педесет) вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 2.000.000,00 (два милиони) евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проект односно

- за претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50 (педесет) до 250 (двеста и педесет) и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра, финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот.

Износот на остварени годишни приходи и просечен број на вработени се утврдува согласно финансиските извештаи за последните две календарски години.

Максималните граници на остварени приходи според кои се определува процентот на кофинансирање се изразени во евра и се пресметуваат според средниот курс на НБРМ за евро на денот на објавување на јавниот повик.

Во случај кога Апликантот не ги исполнува вредностите на двата индикатори (број на вработени и износ на годишни приходи) кумулативно, како основ за определување на процентот на кофинансирање од страна на Фондот ќе се смета индикаторот според кој Апликантот треба да обезбеди поголем процент на кофинансирање.
На пример: доколку апликантот има 20 вработени и годишен приход во последните две години од 3.000.000,00 (три милиони) евра, апликантот ќе може да аплицира за финансирање до максимум 60% од вкупниот буџет на проект.

Доколку едно или повеќе физичко/и и/или правно/и лица во рамки на јавниот конкурс се јавуваат во сопственичка структура на повеќе од еден апликант, и во случај таквите апликанти да бидат избрани за финансирање, вкупниот износ на финансиска поддршка на таквите апликанти заедно не може да ги надминат ограничувањата предвидени од ставот (1) од овој член, а кои важат за еден апликант.
(2) Подобни за финансирање се предлог проекти од сите сектори, освен за:

- производствени, трговски или услужни дејности кои не се во согласност со закон;
- производство и трговија со тутун, дестилирани алкохолни пијалоци и сродни производи (пијалоци кои содржат алкохол, но не се добиени исклучиво со дестилација, туку за нивно производство може да се користи и природно дестилиран алкохол (добиен од различно, но природно потекло) со давање на различни растителни или други производи, при што преку мецерација, купажа (мешање), ароматизирање, боење, стареење и слично се добиваат различни алкохолни пијалаци во кои содржина на етил алкохол најчесто е повисока од 15%, а во нив може да бидат вклучени различни видови на ликери и коктели и слично);
- производство и трговија со оружје и муниција од било кој вид;
- казина и други правни лица за организирање игри на среќа и други забавни игри;
- истражување, развој или технички барања кои се однесуваат на електронски податоци, програми или решенија, кои се однесуваат на:
  а) поддршка на која било активност која се вбројува во горенаведените сектори од алинеите 2,3 и 4 на овој член;
  б) интернет коцкање и онлајн казина и/или
  в) порнографија;
- природно - научни истражувања, развој или технички апликации кои се однесуваат на човечкото клонирање за истражување или за терапевтски цели; и/или за генетски модифицирани организми (ГМО).

(3) Предлог проектите може да бидат поднесени од поединечен апликант или од конзорциум предводен од апликантот.

(4) Соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовни односно научноистражувачки установи или други форми на соработка за комерцијализација на иновации ќе се смета за предност во предлог проектот.

**Општи критериуми за кофинансирањето од апликантот во врска со овој Инструмент**
**Член 6**

(1) Доколку Фондот одлучи да го поддржи предлог проектот на Апликантот преку овој Инструмент, Апликантот е должен да обезбеди сопствено кофинансирање во износ од најмалку 30% односно 40% од вкупниот буџет на проектот, зависно од условите предвидени во член 5, став 1 од овој Правилник.
(2) Средствата добиени од Фондот по која било друга основа, како и средствата добиени по основ на која било друга државна помош, нема да се сметаат за прифатливи средства за кофинансирање од страна на Апликантот.

**Времетраење на проектот**
**Член 7**

(1) Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој инструмент може да биде до 24 (дваесет и четири) месеци.

(2) Корисникот врз основа на оправдани причини може да бара продолжување на времетраењето на проектот со поднесување на образложено писмено барање во кое ќе бидат наведени причините за продолжување. Барањето се поднесува пред истекот на времетраењето на проектот.

(3) Врз основа на поднесеното барање од став (2) Фондот може да одобри продолжување на спроведувањето на проектот до 3 (три) месеци.

(4) Продолжување на спроведувањето на проектот подолго од периодот од став (3) на овој член може да биде одобрено само по одлука донесена од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции.

(5) Под оправдани околности, времетраењето на спроведувањето на проектот може да биде продолжено најмногу за дополнителни 12 (дванаесет) месеци по претходно добиено одобрување во согласност со ставот (4) од овој член.

(6) Во случај Фондот односно Комитетот да донесе одлука за продолжување на времетраењето на проектот, продолжувањето на времетраењето ќе започне од денот на донесување на одлуката за продолжување. Во периодот од истекот на времетраењето на проектот до денот на донесување на одлуката за продолжување од страна на Фондот односно Комитетот, на Корисникот нема да му се признаваат никакви трошоци и активности и истиот е должен или да се воздржи од правење на било какви трошоци и преземање на активности или самиот да ги сноси така направените трошоци.

(7) Во случај на продолжување на времетраењето на спроведувањето на проектот, износот на доделениот грант не може да биде зголемен.

**Критериуми за подобност на Апликантот**
**Член 8**

(1) Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- годишните приходи на апликантот да не надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- просечниот број на вработени согласно финансиските извештаи за претходните две години да не надминува 250 вработени;
- да не е поврзан (согласно Законот за трговските друштва) со друго претпријатие чии годишни приходи надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра и просечниот број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години, освен во случај на поврзаност со високообразовна, односно научноистрачувачка установа;

- апликанти со над 3 (три) години на постоење до моментот на аплицирање да немаат остварена загуба согласно финансиските извештаи за последните две календарски години, согласно член 14 став 1 алинеја 5 од Правилникот и одредбите од Јавниот конкурс;
- апликантот, до моментот на аплицирање на јавниот повик, да нема тековен (активен) проект кој е финансиски поддржан од страна на Фондот по основ на некој од инструментите за поддршка;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и условите од член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**Член 9**

(1) Поединечен апликант може да склучи договор за соработка (под-договор за услуги) за истражување и развој со установи кои вршат високообразовна и/или научноистражувачка дејност од земјата и од странство или со друго претпријатие.

(2) Во случај на предлог проект поднесен од страна на поединечен апликант кој вклучува договор за соработка за истражување и развој, правата и обврските на апликантот и високообразовната и/или научноистражувачката установа теба да бидат регулирани во договорот за соработка.

(3) Поделбата на правата и обврските како и прераспределбата на буџетот на проектот треба да биде добро аргументирана во предлог проектот.

**Член 10**

(1) Во случај на предлог проекти поднесени од страна на конзорциум, предлог проектот во име на конзорциумот го поднесува водечки апликант.

(2) Водечкиот апликант треба да ги исполнува критериумите за подобност наведени во член 8 од овој Правилник.

(3) Членови на конзорциумот можат да бидат: претпријатија, високообразовни и научно-истражувачки установи од земјата и од странство.

(4) Во случај на предлог проект поднесен од страна на конзорциум на претпријатија со различен број на вработени и приходи, процентот на ко-финансирање се определува согласно големината на претпријатието кое остварува поголеми приходи на годишно ниво и има поголем број на вработени, независно кое претпријатие се јавува како водечки апликант.

На пример: при поднесен предлог проект од конзорциум кој е составен од водечки апликант кој има 15 (петнаесет) вработени и приходи до 2.000.000,00 (два милиони) евра и член на конзорциум кој има 200 (двесте) вработени и приходи од 5.000.000,00 (пет милиони) евра, процентот на ко-финансирање ќе биде идентичен на тој што е важечки за претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50 (педесет) до 250 (двеста и педесет) и чиј годишен приход во последните две години

е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра односно (60% Фонд / 40% апликант).

(5) Во случај на предлог проект поднесен од страна на конзорциум, правото на комерцијализација на резултатите од проектот треба да припаднат исклучиво на Водечкиот апликант.

(6) Секој член на конзорциумот треба да ги исполнува следниве критериуми:

- годишните приходи да не надминуваат 10.000.000,00 (десет милиони) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години, освен во случај членот на конзорциум да е високообразовна, односно научноистрачувачка установа;
- просечниот број на вработени согласно финансиските извештаи за претходните две години да не надминува 250 вработени, освен во случај членот на конзорциум да е високообразовна, односно научноистрачувачка установа;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и условите од член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош;

(7) Правата и обврските помеѓу членовите на конзорциумот треба да бидат регулирани со договор за конзорциум.

(8) Поделбата на правата и обврските како и прераспределбата на буџетот на проектот треба да биде добро аргументирана во предлог проектот.

(9) Доколку предлог проект поднесен од страна на конзорциум е одобрен за финансирање, Фондот потпишува Договор за доделување средства со Водечкиот апликант.

(10) Водечкиот апликант станува корисник на ко-финансиран грант од страна на Фондот и е одговорен за финансиското управување на доделените средства во согласност со Договорот за доделување средства.

**Член 11**

(1) Средствата добиени од Фондот треба да бидат наменети за развојни активности и за имплементација на предложената иновација.

(2) Прифатливи активности за финансирање се следниве:

- активности за истражување и развој;
- активности за тестирање;
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост;
- дизајн;
- развој на пилот линии;

- активности поврзани со обезбедување квалитет;
- активности за маркетинг и продажба (насочени кон доведување на иновацијата до инвестициска подготвеност и зрелост за воведување на пазарот).

**Подобни трошоци за финансирање**
**Член 12**

(1) Трошоци прифатливи за финансирање под овој инструмент се:

- бруто плати за вработените лица кај апликантот и членовите на конзорциумот кои ќе бидат ангажирани на проектот. Износите на бруто плати на вработените ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот, намалени за износот на потенцијална државна субвенција примена по основ на плата; набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- под-договорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на консултанти за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средства, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска марка и/или индустриски дизајн;
- трошоци за маркетинг;
- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и останати видови на административна помош) во максимален износ од 10% (десет проценти) од вкупниот буџет на проектот.

(2) Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и процедурите на Фондот се подобни за финансирање.

(3) Трошоци кои не се подобни за финансирање под овој инструмент се:

- додатоци на плата дефинирани согласно Законот за работни односи;
- трошоци за набавка на добра, услуги и работи од домашни јавни претпријатија;
- отплата на камата или долг на друга страна;
- расходи и резервирања за минати и можни идни загуби или долгови;
- курсни загуби и казни ;
- трошоци за забава и угостителство;
- трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба;
- купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање;
- готовинска исплата од наменската сметка на проектот;

- годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволен трошок при евалуација на предлог проектите);
- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сопственик/иците на корисникот/членот на конзорциум;
- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на лица кои се вработени кај Корисникот/членот на конзорциум;
- наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е поврзано лице со корисникот/членот на конзорциум;
- набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок;
- набавка на патнички возила (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволен трошок при евалуација на предлог проектите);
- трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори;
- трошоци за набавка на половна опрема и
- данок на додадена вредност (ДДВ) за сите набавки од ставот 1 од овој член.

(4) Листата на трошоци од став 3 на овој член не е исцрпна.

## II. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

### Јавен конкурс

### Член 13

(1) Финансиските средства по овој Инструмент се доделуваат на компетитивна основа по објавен јавен конкурс.

(2) Фондот објавува јавен конкурс по редовна постапка и јавен конкурс по скратена постапка.

(3) Јавниот конкурс се објавува во најмалку два јавни медиуми и на веб-страницата на Фондот.

(4) Рокот за поднесување на предлог проектите ќе биде одреден до 60 (шеесет) дена од објавувањето на јавниот конкурс од страна на Фондот и истиот може да биде продолжен поради оправдани околности.

(5) Вкупниот буџет на секој јавен конкурс го утврдува Фондот во согласност со Годишната програма за работа на Фондот и/или Среднорочната програма за работа на Фондот.

### Содржина на јавниот конкурс

### Член 14

(1) Јавниот конкурс задолжително ги содржи следниве информации:

- податоци за органот кој го распишува повикот;
- датум на објава на јавниот конкурс;
- начин на поднесување на предлог проектот и придружната документација;
- краен рок за поднесување на предлог проектот;

- краток опис на Инструментот, вклучувајќи ги критериумите за подобност на Апликантот и годините кои се сметаат за меродавни при утврдување на индикаторите: годишни приходи, просечен број на вработени и загуба на претпријатијата;
- активностите и трошоците кои се подобни и трошоци кои не се подобни за финансирање;
- вкупниот буџет за конкурсот;
- контакт информации;
- други податоци потребни за реализација на јавниот повик.

(2) Сите горенаведени податоци треба да се содржани во јавниот конкурс објавен на веб-страницата на Фондот. За јавниот конкурс објавен во јавни гласила ќе биде изготвена скратена верзија.

**Аплицирање по редовна постапка**

**Член 15**

(1) При аплицирање за добивање на финансиски средства преку овој Инструмент на Фондот, задолжително треба да се достават следниве документи:

1. Проектна документација (која ги содржи обрасците за предлог проектот, достапна преку веб-страницата на Фондот) која се состои од:

- уредно пополнет образец за проектна апликација;
- уредно пополнет образец за буџет на проектот;
- изјава на Апликантот за прифаќање на условите на Фондот;
- уредно пополнет прашалник за животна средина и
- нотарски заверена изјава за сопственичка – основачка структура на апликантот.

2. Документација која ја обезбедува Апликантот:

- кратки биографии на лицата кои го сочинуваат проектниот тим ангажиран во проектот (најмногу за 5 (пет) лица);

(2) Проектната апликација, буџетот на проектот и биографиите треба да бидат доставени на македонски и на англиски јазик.

(3) Останатата документација поврзана со апликантите треба да биде доставена само на македонски јазик.

(4) Проектната документација задолжително се доставува на обрасци изготвени од страна на Фондот.

(5) Во случај проектот да се заснова на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, Апликантот е должен заедно со проектната документација да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договор за непаричен придонес или друг вид на договор кој потврдува дека апликантот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се засноваат резултатите од проектот.

(6) Апликантот не треба свесно или намерно да ги нарушува правата на интелектуална сопственост на кое било трето лице.

(7) Сите права на интелектуална сопственост и „know how“ кои ќе бидат создадени при имплементација на проектот и/или како резултат на спроведувањето на проектот му припаѓаат на Корисникот и доколку е применливо, Корисникот треба да ги заштити правата на интелектуална сопственост.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, во случај на предлог проект кој вклучува договор за соработка со високообразовна и/или научноистражувачка установа, правата на интелектуална сопственост во врска со проектот треба да бидат јасно регулирани во договорот за соработка.

(9) Фондот нема да биде одговорен за спорови поврзани со правата од интелектуална сопственост помеѓу Апликантот/Корисникот на финансиската поддршка и трети страни.

(10) Секој предлог проект доставен на јавен конкурс за доделување средства на Фондот мора да биде во согласност со важечките прописи за заштита на животната средина и намалување на загадувањето во Република Северна Македонија.

(11) Фондот го задржува правото доколку е потребно да побара и друга документација од страна на Апликантот.

**Аплицирање по скратена постапка**

**Член 16**

(1) На јавен конкурс по скратена постапка за добивање средства од Фондот, имаат право да аплицираат, апликанти чии предлог проекти не биле одобрени од страна на Комитетот, а ја поминале фазата на претселекција, во претходните 12 месеци од моментот на објавување на конкурсот.

(2) Апликантите од став (1) од овој член, при аплицирање за добивање на финансиски средства по скратена постапка преку овој Инструмент од Фондот, треба да ги достават следниве документи:

- проектна апликација;
- проектен буџет;
- кратки биографии (максимум до 5 (пет) лица) за членовите на тимот и
- изјава дека нема промена во задолжителната документација, која влијае на подобноста на апликантот, поднесена на претходниот повик/конкурс на кој аплицирале и дека ги исполнуваат условите за подобност на конкурсот на кој аплицираат.

(3) Документацијата која ја доставуваат апликантите согласно овој член треба да ги исполнува и условите предвидени во член 15, од став (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) од овој правилник.

(4) Предлог проектите со кои се аплицира по скратена постапка нема да ја поминуваат повторно фазата на претселекција, туку истите ќе бидат еваулирани и оценувани од Комитетот во фазата на селекција и разгледувани во фазата на административна проверка од аспект на исполнување на условите за подобност.

(5) При доставување на предлог проектите, Фондот ја доставува до Комитетот проектната апликација, буџет на проектот и кратки биографии од членовите на тимот, историјат или

информација за апликантот односно корисникот, како и друга документација од влијание за донесување на финална одлука.

**Дополнителна документација**

**Член 17**

(1) Во случај Апликантот да биде избран за финансирање преку овој Инструмент, пред донесување на конечна Одлука за финансирање и/или пред потпишување на Договорот за доделување средства Апликантот до Фондот треба да поднесе и:

- договори со трети страни од значење за спроведувањето на проектот (вклучително и договори за вработените);
- изјава за претходно добиена државна помош;
- известување издадено од Централниот Регистар на Република Северна Македонија дали апликантот и неговиот/ите основач/и се основачи во други правни лица во Република Северна Македонија;
- потпишан и печатиран План за управување со животната средина (доколку е применливо, односно доколку предлог проектот е категоризиран со среден ризик од страна на експертот за животна средина);
- информации за отворена наменска сметка за проектот;
- дополнителна документација со која се докажува исполнување на условите за подобност на апликантот.

(2) Апликантот треба да ги обезбеди дополнителните документи во рок до 5 работни дена, од денот на добиено известување од страна на Фондот.

(3) Фондот го задржува правото доколку е потребно да побара и друга документација од Апликантот кој е должен истата да ја достави во најкраток можен рок, или доколку е во можност Фондот може сам да ја обезбеди таквата документација, па во таков случај, соодветно на дополнителната документација, Фондот може да го врати целиот предлог проект до Комитетот на повторно разледување и одлучување.

## III. ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА

**Критериуми за евалуација на предлог проектите**
**Член 18**

(1) Основните критериуми за евалуација на проекти и доделување средства под овој инструмент се:

- степен на иновативност;
- квалитет на проектот;
- капацитет на проектниот тим;
- потенцијал на пазарот;
- влијание.

(2) Основните критериуми и подкритериуми за евалуација на проектите се дадени во образецот на Табелата за евалуација.

**Член 19**

(1) Сите предлог проекти кои се навремено доставени, Фондот ги испраќа до стручните лица со цел спроведување на фазата на претселекција.

(2) Фондот при преземање на документацијата утврдува дали изјавите и прашалникот за животна средина наведени во член 15 и/или член 16 од овој правилник се уредно потпишани и печатирани и доколку не, се доставува известување до апликантот за нивно корегирање во рок од 2 работни дена од известувањето.

(3) Доколку изјавите и прашалникот за животна средина од став 2 од овој член на правилникот не се соодветно корегирани, односно не бидат комплетирани во рокот од став 2 од овој член, апликацијата/циите нема да биде/ат разгледувана/и од страна на стручните лица и/или од страна на Комитетот. Во случај на постоење на добро оправдани причини, поради кои апликантот не може да ги изврши бараните корекции или да ги комплетира изјавите во дадениот рок, треба веднаш да го извести Фондот и да го оправда истото.

(4) За сите предлог проекти Фондот подготвува табела, која меѓу другото ги содржи и следните податоци:

- име на Апликантот;
- сопственичка структура на Апликантот; и
- овластено лице (управител/директор) на Апликантот.

(5) Табелата од ставот (4) на овој член се доставува до вработените во Фондот, Директорот на Фондот, членовите на Управниот одбор на Фондот, Стручните лица и членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции, со цел утврдување на потенцијален судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

(6) Табелата од ставот (4) на овој член се доставува и до други лица непосредно вклучени во процесот, со цел утврдување на потенцијален судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

(7) Во случај некое од Стручните лица да идентификува судир на интереси тој е должен да го извести Фондот во најкус можен рок. Фондот ќе го исклучи таквото лице од процесот на евалуација (во фазата на претселекција) на тој предлог проект и ќе назначи друго соодветно стручно лице на негово место.

(8) Во случај некој од членовите на Комитетот да идентификува судир на интереси тој е должен да го извести Фондот во најкус можен рок, по што ќе биде исклучен од процесот на евалуација (во фазата на селекција) на тој предлог проект.

(9) Во случај повеќе членови на Комитетот да идентификуваат судир на интереси во врска со одреден предлог проект и тој проект да не може да биде евалуиран од најмалку 3 (тројца) членови на Комитетот, проектот ќе биде исклучен од понатамошна постапка и нема да биде евалуиран.

**Процес на евалуација**
**Член 20**

(1) Евалуацијата на предлог проектите се одвива во две фази: фаза на претселекција и фаза на селекција.

(2) Фазата на претселекција се спроведува од страна на Стручните лица. Секој предлог проект ќе биде евалуиран во оваа фаза од две стручни лица од областите што соодветствуваат со критериумите за евалуација, односно со целите на Инструментот и едно лице од областа што соодветствува на предлог проектот, освен доколку станува збор за предлог проект согласно член 13 од овој правилник, таквиот предлог проект нема да ја поминува фазата на претселекција.

(3) Фазата на селекција се спроведува од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции кој ја донесува и конечната одлука за финансирање преку овој Инструмент.

(4) Во фазата на селекција треба да учествуваат најмалку тројца од членовите на Комитетот.

**Фаза на претселекција**

**Член 21**

(1) Во фазата на претселекција, Стручните лица, назначени од страна на Фондот, имаат обврска соодветно да ја пополнат табелата за евалуација за секој од доделените предлог проекти и да дадат стручно мислење и оценка на предлог проектите во рок од 7 (седум) работни дена од денот на добивањето на предлог проектите.

(2) Во фазата на претселекција, Стручните лица имаат право да поставуваат дополнителни прашања за апликантите и предлог проектите, кои ќе бидат проверени од страна на вработените на Фондот. Директорот на Фондот назначува лица кои ги обезбедуваат потребните дополнителни информации по пат на теренски посети на Апликантот, комуникација со клучните лица на предлог проектот и/или административна проверка на информации. Назначените лица се должни потребните информации да ги обезбедат во рок претходно утврден од Директорот на Фондот.

(3) Вкупниот број на освоени поени за секој предлог проект се утврдува како просек од добиените оценки од Стручните лица назначени да го оценат тој предлог проект во фазата на претселекција.

(4) Секој предлог проект кој во фазата на претселекција има добиено 51 (педесет и еден) поен или повеќе (од вкупно 100 (сто) поени) преминува во следната фаза на селекција.

(5) Секој предлог проект кој во фаза на претселекција има добиено помалку од 51 (педесет и еден) поен (од вкупно 100 (сто) поени) е одбиен за финансирање под овој Инструмент за поддршка на Фондот.

(6) Секој апликант чиј предлог проект нема добиено најмалку 51 (педесет и еден) поен, односно чиј проект не преминал во фазата на селекција ќе биде навремено известен за резултатите.

(7) Во случај на апликант, кој ги исполнува критериумите за подобност согласно член 8 од овој правилник и аплицирал на јавен конкурс по скратена постапка, согласно член 16 од овој правилник таквиот предлог проект нема да ја поминува фазата на претселекција.

**Фаза на селекција**

**Член 22**

(1) Во фазата на селекција, секој член на Комитетот врши евалуација на предлог проектите кои ја поминале фазата на претселекција, односно на предлог проектите поднесени на јавен конкурс по скратена постапка и има обврска да ја пополни Табелата за евалуација за секој од тие предлог проекти и да ги оцени истите во рок, претходно утврден од страна на Фондот.

(2) Членовите на Комитетот имаат право во фазата на селекција да поставуваат дополнителни прашања за апликантите и предлог проектите, кои ќе бидат проверени од страна на Фондот. Директорот назначува лица кои ги обезбедуваат потребните дополнителни информации по пат на теренски посети на апликантот, комуникација со клучните лица на предлог проектот и/или административна проверка на информации. Назначените лица се должни потребните информации да ги обезбедат во рок претходно утврден од страна на Фондот.

(3) Фондот може да организира презентација на предлог проекти во фаза на селекција. На оваа презентација секој апликант накусо ќе го претстави својот предлог проект, а членовите на Комитетот имаат право да поставуваат прашања со цел да добијат дополнителни информации кои ќе им помогнат при донесување на одлуката.

(4) Доколку во фазата на селекција Комитетот при разгледување и оценување на предлог проектите има потреба од стручно мислење од одредена област, истото може да го добие од страна на стручните лица, а согласно постапка утврдена со правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење или од страна на експерти од соодветната област и/или од релевантни институции.

(5) Во фазата на селекција Фондот може да ангажира и други лица во својство на набљудувачи.

(6) Во фазата на селекција, претселектираните предлог проекти исто така се разгледуваат од страна на експерт(и) за животна средина. Експертот за животна средина е должен да ги спроведе сите потребни процедури за проценка на предселектираните предлог проекти во согласност со документот Рамка за заштита на животна средина. Експертот за животна средина е должен до

Фондот да поднесе извештај за категоризација на претселектираните предлог проекти. Согласно Рамката за управување со животна средина, Фондот нема да финансира проекти категоризирани под „категорија 3 - висок ризик“.

(7) Оценките и стручните мислења добиени од Стручните лица, историјатот за апликантите, односно корисниците и извештаите за дополнително обезбедените информации од страна на Фондот, се доставуваат до сите членови на комитетот, кои се должни истите да ги земат предвид при оценувањето на предлог проектите.

(8) Вкупниот број на освоени поени за секој селектиран предлог проект се утврдува како просек од оценките од Стручните лица добиени во фазата на претселекција и од секој од членовите на Комитетот добиени во фазата на селекција.

(9) На основа на освоените поени се изработува индикативна ранг листа на предлог проекти.

(10) Комитетот составува прелиминарна листа на предлог проекти кои ќе бидат предмет на административна проверка. Предог проектите за кои Комисијата за административна проверка ќе утврди дека ги исполнуваат критериумите за подобност наведени во правилникот и/или кои ќе ги направат бараните корекции во бараната документација и буџетот, ќе бидат предмет на финално одлучување од страна на Комитетот.

(11) Во случај доколку во текот на административната постапка се утврди дека некои од апликантите не ги исполнуваат критериумите за подобност и/или не ги извршиле бараните корекции согласно член 23 став 7 од овој правилник, Комитетот соодветно ќе ја ревидира листата на предлог проекти кои ќе бидат избрани за финансирање.

**Административна проверка**
**Член 23**

(1) Со цел да се утврди дали апликантот ги исполнува критериумите за подобност наведени во јавниот конкурс и во овој правилник, врз основа на документацијата од член 17 од овој правилник и разгледување на доставените буџетите се формира комисија (или комисии) за административна проверка на предлог проектите избрани за финансирање. Комисијата (или комисиите) го разгледува/ат секој апликант и буџет посебно.

(2) Комисијата за административна проверка ја формира Директорот на Фондот или овластено лице од Директорот на Фондот, а се состои од најмалку тројца вработени/ангажирани во Фондот.

(3) При проверка на апликантите и буџетите, Комисијата за административна проверка се води според Документот за административна проверка на предлог проектите.

(4) Доколку Комисијата за административна проверка при разгледување на предлог проектите има потреба од стручно мислење од соодветна област, таквото стручно мислење ќе биде обезбедено од страна на експерти од соодветната област и/или од релевантни институции.

(5) По завршувањето на административната проверка на предлог проектите, Комисијата за административна проверка составува записник и истиот го доставува до Комитетот.

(6) Доколку некој апликант не ја доставил бараната документација или има неправилно пополнет буџет на проектот Комисијата за административна проверка по електронски пат го известува Апликантот и му дава можност во рок до 5 (пет) работни дена дополнително да ги достави по електронски пат или во архивата на Фондот документите кои недостасуваат и/или да достави коригиран буџет на проектот и/или останатата дополнителна документација. Во случај на дополнителна достава на документи не се дозволени измени во проектната апликација или во буџетот на проектот кои не се побарани од страна на Фондот.

(7) Доколку Апликантот не ги достави документите кои недостасуваат ниту во дополнителните 5 (пет) работни дена, не го коригира буџетот или Апликантот не ги исполнува критериумите за подобност наведени во овој правилник, Комисијата за административна проверка става забелешка во записникот дека за тој Апликант, односно предлог проект не се исполнети условите да биде донесена конечна Одлука за финансирање.

(8) Записникот од став (5) на овој член, заедно со пополнетите документи за административна проверка на предлог проектите, се изготвуваат од страна на Комисијата за административна проверка.

## Одлука за финансирање

### Член 24

(1) Конечната одлука за финансирање на предлог проекти со овој Инструмент ја носи Комитетот на состанок одржан во рок од најмногу 90 (деведесет) дена од доставување на предлог проектите до Комитетот.

(2) Конечната одлуката за финансирање Комитетот ја носи за време на одржувањето на состанокот со јавно гласање „ЗА“ или „ПРОТИВ“ доделување на средства на определен предлог проект. Средства за определен предлог проект во фазата на селекција можат да бидат доделени единствено доколку најмалку тројца членови на Комитетот гласале „ЗА“ доделување на средства за тој предлог проект.

(3) При носење на одлуката за финансирање влијание има и расположливиот буџет за финансирање при секој јавен конкурс. Комитетот може да донесе одлука за финансирање на предлог проекти во рамките на првично утврдениот буџет за јавниот конкурс, или ако тој буџет биде зголемен за конкретниот конкурс последователно.

(4) Доколку Комитетот донесе одлука која е спротивна на евалуацијата и стручното мислење подготвено од Стручните лица, истата мора да содржи детално образложение за причините за донесување на таква одлука.

(5) Доколку нема доволно предлог проекти одобрени за финансирање пријавени на јавен конкурс за овој Инструмент, неискористените средства од буџетот во јавниот конкурс можат да бидат пренаменети за друг јавен конкурс за овој Инструмент или средства во висина од 30% од буџетот на јавниот повик можат да бидат прераспределени од еден во друг јавен конкурс за друг инструмент на Фондот доколку за тој инструмент има повеќе предлог проекти подобни за финансирање.

(6) Обединување на коментарите за предлог проектите кои се одбиени за финансирање во фазата на селекција го врши еден член на Комитетот, назначен од страна на Фондот, кој вршел оценување на предлог проектите.

(7) При донесување на конечна Одлука за финансирање, Комитетот ќе го земе предвид и Записникот на комисијата (комисиите) за административна проверка.

(8) Секој апликант чиј предлог проект ја поминал фазата на селекција и административна проверка ќе биде известен за резултатите во рок од 30 (триесет) дена од денот на донесување на конечната одлука за финансирање од страна на Комитетот.

(9) Во случај доколку на истиот јавен конкурс се поднесени исти или слични предлог проекти, Комитетот таквите предлог проекти повторно ќе ги разгледа и ќе донесе соодветна одлука.

(10) Апликантите чии предлог проекти нема да бидат одобрени за финансирање, можат повторно да аплицираат за добивање средства од Фондот до три пати со истиот предлог проект.

## IV. ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

### Склучување на Договор за доделување на средства
### Член 25

(1) Апликантите за кои е донесена одлука за финансирање ќе потпишат Договор за доделување средства.

(2) Пред потпишување на Договор за доделување средства преку овој Инструмент, Корисникот треба да има отворено или да поседува посебна наменска банкарска сметка за целите на проектот.

(3) Фондот и Апликантот за кој е донесена одлука за финансирање ќе склучат Договор за доделување средства во форма и со содржина во суштина определена од страна на Фондот.

(4) Во случај апликантите за кои е донесена одлука за финансирање не пристапат кон потпишување на Договорот за доделување на средства во разумен рок, Комитетот може да побара од истите во определен рок да го потпишат Договорот.

(5) Доколку апликантите во рокот определен на страна на Комитетот не го потпишат Договорот за доделување на средства, Комитетот повторно ќе ја разгледа и/или промени одлуката.

### Исплата на средствата

### Член 26

(1) Сите исплати од Фондот и уплати на сопственото ко-финансирање на Корисникот ќе се реализираат на посебната наменска банкарска сметка.

(2) Фондот ги исплаќа средствата доделени со овој Инструмент авансно, на квартална основа во согласност со буџетот на проектот, Договорот за доделување средства и одредбите наведени во овој Правилник.

(3) Корисникот ги исплаќа средствата од сопственото ко-финансирање, во согласност со Буџетот на проектот, Договорот за доделување на средства и одредбите наведени во овој Правилник.

(4) Фондот ги исплаќа средствата доделени со овој Инструмент за првиот квартал по потпишување на Договорот за доделување средства, откако Корисникот ќе достави до Фондот доказ за извршената уплата на сопственото ко-финансирање за првиот квартал во вид на банкарски извод од посебната наменска банкарска сметка.

(5) По потпишување на Договор за доделување на средства, Корисникот во рок од 45 дена треба да направи уплата на сопственото ко-финансирање за првиот квартал, во спротивно Фондот има право да го раскине договорот.

(6) Фондот ги исплаќа средствата доделени со овој Инструмент за секој нареден квартал откако ќе бидат исполнети следните услови:

- одобрен квартален извештај за напредок за претходниот квартал (описен дел и финансиски дел);
- наменски потрошени најмалку 70% (седумдесет проценти) од претходно буџетираните средства;
- доставен доказ за извршената уплата на сопственото ко-финансирање за нареден квартал во вид на банкарски извод од посебната сметка.

(7) Од последната исплата кон Корисникот преку овој Инструмент, Фондот задржува 5% (пет проценти) од вкупниот буџет на проектот.

(8) Процедурата за исплата на задржаните средства од став (7) од овој член ќе биде започната во рок од 14 работни дена од денот на одобрувањето на Завршниот извештај за проектот (описен и финансиски дел).

(9) Во случај на непотрошени средства и/или во случај на злоупотреба, соодветен износ од задржаните средства нема да биде исплатен на Корисникот.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ И НАДЗОР

### Општи правила за спроведување на проектот

**Член 27**

(1) Корисникот има обврска да го спроведе проектот во согласност со условите пропишани во овој правилник и во Договорот за доделување средства, како и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални стандарди и практики и во согласност со законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија.

(2) Корисникот има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно, во согласност со Проектната апликација и Буџетот на проектот.

(3) Корисникот има обврска да води финансиско – сметководствена евиденција, во согласност со сметководствените стандарди и на начин најсоодветен за проектните активности, расположливите ресурси и трошоци поврзани со проектот и ќе изготвува финансиски извештаи кон Фондот во согласност со сметководство на готовинска основа, јасно претставувајќи ги документите за направениот трошок и исплатите за кварталот за кој се однесуваат, на начин кој ќе соодветствува со активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот.

(4) Корисникот како и избраните добавувачи, консултанти и учесници во проектот потребно е да се придржуваат до Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а со цел спречување на корупцијата и сродните појави во текот на спроведувањето на договорот.

**Член 28**

(1) Корисникот е должен редовно да ги подмирува своите обврски кон Фондот по основ на плаќање на ројалти.

(2) Во случај на прекин или раскинување на договорот за доделување средства, Фондот го задржува правото да побара од корисникот да ги врати назад дел или сите добиени средства, во согласност со условите во договорот.

(3) Уплатите на Корисникот кон Фондот треба да бидат направени во денари.

(4) Фондот ќе води евиденција за сервисирање на обврските кои корисниците на средства ги имаат кон Фондот.

(5) За секое доцнење на уплата на средства за подмирување на обврските кон Фондот од страна на корисниците подолго од 30 (триесет) дена, Фондот испраќа писмена прва опомена до корисникот за задоцнувањето.

(6) За секое доцнење на уплата на средства за покривање на обврските кон Фондот од страна на корисниците подолго од 60 (шеесет) дена, Фондот испраќа втора писмена опомена до корисникот за задоцнувањето.

(7) За секое доцнење на уплата на средства за покривање на обврските кон Фондот од страна на корисниците подолго од 90 (деведесет) дена, Фондот го задржува правото еднострано да го раскине договорот за доделување средства и да ги активира инструментите за заштита доколку истото е предвидено.

(8) За секое доцнење на исплата на обврските кон Фондот од страна на корисниците подолго од 30 (триесет) дена, Фондот го задржува правото да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи на Република Северна Македонија.

**Набавка на стоки, услуги и работи**

**Член 29**

(1) Секоја набавка на добра и услуги Корисникот ја прави во согласност со наведените прифатливи комерцијални практики, и тоа:

- при спроведувањето на набавките предвидени во проектот, корисниците треба да ги земат предвид економската потреба, ефикасноста, транспарентноста и времетраењето на процедурата на набавка како и квалитетот на набавените добра и услуги.
- за набавките кои надминуваат 615.000,00 (шестотини и петнаесет илјади) денари корисникот треба да спроведе процедура со прибирање на минимум три понуди. Корисникот до Фондот треба да ја достави документацијата на одобрување.
- во добро оправдани случаи, набавките од алинеја 2 од овој став може да се спроведат и без наведената процедура по претходно одобрување од страна на Фондот.

(2) Кога е применливо, договорите помеѓу корисникот и трети страни треба да вклучуваат одредби поврзани со заштита на интелектуална сопственост, спречување судир на интереси, ревизија и влијание врз животната средина.

**Транспарентност и комуникација со јавност**

**Член 30**

(1) Корисникот е обврзан да ги следи насоките од Фондот и Комитетот во однос на транспарентност и комуникација на проектот кон јавноста согласно Упатството за транспарентност и комуникација на проектите на Фондот.

(2) За време на спроведување на проектот, Корисникот е обврзан сите промотивни материјали за проектот да ги означи со логото и називот на Фондот и јасно да истакне дека проектот се спроведува со финансиска поддршка од Фондот.

(3) Опремата што е набавена преку проектот финансиран од Фондот задолжително треба јасно да биде обележана со логото на Фондот, како и со напомена: „*Поддржано од Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија*“.

(4) Доколку Корисникот поседува веб-страница, должен е да објави кратка информација за финансиската поддршка обезбедена од Фондот.

(5) Доколку Корисникот објавува или дава изјава за медиуми во врска со проектот должен е да ја спомене поддршката обезбедена од Фондот.

**Промена на проектот и пренамена на средства од Буџетот за проектот**

**Член 31**

(1) Секоја промена на проектот треба да биде оправдана и во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати.

(2) Корисникот е должен трошоците да ги реализира со динамика и во рамки на износите прикажани во буџетот на проектот.

(3) Корисникот има право на пренамена на средства помеѓу буџетски ставки во вкупен износ од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот за целото времетраење на проектот во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати. За пренамената Корисникот го известува Фондот во рамки на кварталните извештаи и завршниот извештај за проектот. Доколку во рамки на една буџетска ставка во рамки на имплементација на проектот настанат промени во однос на првично предвидените трошоци, разликата помеѓу првично предвидениот и исплатениот износ нема да се смета за пренамена доколку истата биде покриена со некоја заштеда од друг трошок во рамки на друга буџетска ставка.

(4) Секоја промена на проектната апликација и буџетот на проектот (промени во планот на активности, клучните луѓе на проектот, пренамена на средства во износ повисок од 15% (петнаесет проценти) помеѓу буџетските ставки од вкупниот буџет на проектот, итн.) треба да биде претходно одобрена од страна на Комитетот врз основа на барање поднесено од страна на Корисникот со прилог ревидиран буџет на проектот.

(5) Во случај на пренамени на средства одобрени од страна на Фондот, Корисникот е должен да ги реализира трошоците во согласност со ревидираниот буџет на проектот.

**Чување на документација**

**Член 32**

(1) Корисникот треба да ја чува целокупната документација на проектот од започнување на спроведувањето на проектот.

(2) Задолжителната документација на проектот содржи:

- проектна документација и документација поврзана со Корисникот;
- сите официјални документи на комуникација помеѓу Корисникот и Фондот во текот на периодот за аплицирање;
- известување за доделување средства;
- договор за доделување на средства;
- сите официјални документи во периодот на спроведување на проектот и за време на обврската за известување;
- оригинални примероци од сите извештаи доставени до Фондот;
- известувања за одобрување на извештаи доставени до Фондот;
- оригинални примероци од сите фактури и

- сите останати документи и вклучувајќи и договори со трети страни и други докази на плаќање поврзани со проектот.

(3) Корисникот има обврска да ја чува документацијата од став (1) на овој член најмалку 10 години по завршувањето на проектот.

(4) Сите информации околу договорите и набавките поврзани со проектот треба да се достапни за увид на вработените од Фондот и/или лица овластени од страна на Фондот.

## VI. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТИ

### Цел и методи на следење и евалуација на резултатите на проекти

### Член 33

(1) Целта на следењето и евалуацијата на резултатите на проектите е да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и согласно процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.

(2) Методите на следењето и евалуацијата на резултатите на проектите вклучуваат:
- разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот;
- теренски посети на корисниците;
- евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа.

(3) Следењето и евалуацијата на резултатите на проектите го вршат тимови за следење формирани од Фондот и/или стручни лица за ревизија назначени од Фондот и/или надворешни лица за ревизија од овластени друштва за ревизија избрани со одлука на Фондот во соодветна постапка.

### Извештаи

### Член 34

(1) Корисникот треба до Фондот да доставува извештаи, и тоа:
- квартални извештаи за напредок (описен дел и финансиски дел) кои Корисникот ги доставува за времетраењето на проектот и тоа во рок од 14 (четиринаесет) дена по истекот на последниот календарски ден од кварталот.
- завршен извештај (описен дел и финансиски дел) кој Корисникот го доставува во рок од 60 (шеесет) дена по истекот на последниот календарски ден од проектот, а во кој рок Корисникот исто така треба да ги изврши плаќањата за сите проектни активности спроведени заклучно со истекот на последниот ден од Договорот за доделување на средства и
- во наредните 5 (пет) години по завршувањето на проектот, најдоцна до 31 март во тековната година да достават годишен извештај за следење на активностите по завршување на проектот.

(2) Кварталните извештаи, завршниот извештај и годишниот извештај за следење на активностите по завршување на проектот, се пополнуваат во обрасци изготвени од страна на Фондот.

(3) Извештаите се разгледуваат од страна на тимовите за следење и/или стручни лица за ревизија назначени од директорот на Фондот. Во случај на идентификувани неправилности во известувањето кои можат да се корегираат од страна на Корисникот, Фондот го известува Корисникот за идентификуваните неправилности со барање да ги отстрани неправилностите и да поднесе ревидиран извештај.

(4) Во случај извештајот да е соодветно пополнет и доставен, Фондот го одобрува извештајот и одобрувањето го доставува до Корисникот.

(5) Тимот за следење има право од Корисникот да побара дополнителни информации и документи поврзани со извештаите како и да изврши најавена теренска посета на Корисникот со цел проверка на информациите доставени во извештаите.

**Теренски посети**

**Член 35**

(1) Фондот ќе врши надзор над спроведувањето на проектот и преку теренски посети на корисниците кои ќе ги вршат тимови за следење, стручни лица за ревизија назначени од Фондот и/или членови на Комитетот.

(2) Задолжително е спроведување на најмалку една теренска посета по проект. Фондот има право да спроведе и повеќе теренски посети доколку е потребно.

(3) Теренските посети вклучуваат посета на деловниот простор на Корисникот и средба со клучните луѓе на проектот со цел надзор над спроведувањето на проектот (пр. придржување кон процедурите, постигнување на предвидените резултати, придржување кон временската рамка, придржување кон одредбите на Договорот за доделување средства итн.).

(4) Теренската посета ќе биде најавена. Фондот испраќа до Корисникот претходно известување за спроведување на теренска посета кое содржи детали за локацијата, времето на посетата, лицата кои треба да бидат присутни, документацијата и набавената опрема која треба да биде достапна за увид. Известувањето за спроведување на теренска посета се доставува најмалку 3 (три) дена пред спроведувањето на посетата.

(5) Доколку Фондот оцени потреба, може да изврши и ненајавена теренска посета.

(6) За извршената теренска посета се составува извештај од спроведената теренеска посета во кој се внесуваат податоци за посетата, лицата кои присуствувале на теренската посета, документацијата која е проверена, забелешките кои се констатирани од теренската посета, идентификувани неправилности, насоките и роковите за отстранување на евентуалните неправилности и друго.

(7) До Корисникот се доставува извештај од спроведената теренска посета. Во случај на констатирани неправилности, Корисникот е должен да преземе мерки во согласност со насоките и роковите наведени во известувањето. Фондот нема да изврши исплати на средствата доделени според овој Инструмент за нареден квартал сѐ додека Корисникот не ги отстрани евентуалните неправилности констатирани во извештајот.

**Постапување во случај на утврдени неправилности**

**Член 36**

(1) Во текот на спроведувањето на проектите, тимовите за следење доколку утврдат неправилности кои е можно да ги надминат нивните овластувања, можат да доставaт предлог до директорот на Фондот да свика состанок на Комитетот за одлучување по однос на утврдените неправилности.

(2) Во текот на спроведувањето на проектите, во следењето може да се вклучат и стручни лица за ревизија во согласност со правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење.

(3) По завршување на проектот, за евалуација на резултатите и/или длабинска деловна и финансиска анализа на финансираните проекти може да бидат ангажирани стручни лица за ревизија во согласност со правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење.

(4) Стручното лице за ревизија од став (2) и став (3) на овој член е должно да ја разгледа проектната документација, да изврши теренска посета кај Корисникот (доколку е потребно) и да достави извештај и стручно мислење до Фондот во рок од 14 работни дена од денот на добивање на документацијата.

**Соработка на Корисникот со Фондот**

**Член 37**

(1) Корисникот е должен да се придржува кон процедурите и да му овозможи на Фондот да врши лесно следење и евалуација над спроведувањето на проектот.

(2) Корисникот му овозможува на Фондот или на лица овластени од Фондот во секое време да извршат длабинска анализа на спроведувањето на проектот, на неговите активности и остварени резултати, како и да извршат ревизија на проектната и финансиска документација поврзана со проектот. Корисникот сите релевантни документи поврзани со проектот треба да ги подготви и достави до Фондот на негово барање.

**Права и обврски со резултатите од проектот**

**Член 38**

(1) Корисникот ќе ги поседува резултатите од проектот коишто ќе ги создаде.

(2) Корисникот ќе презема мерки за да ја обезбеди комерцијалната експлоатација на резултатите од проектот, директно или индиректно на тој начин што: ќе ги користи во други истражувања кои не се покриени со проектот, ќе развие, создаде или пласира на пазарот производ или процес, ќе создаде или ќе обезбедува услуга, или ќе ги користи за целите на стандардизација и истиот ќе ги презема тие мерки за времетраењето на проектот сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување на средства.

(3) Корисникот може да ја пренесе сопственоста врз резултатите од проектот на друга страна, под условите предвидени во овој член.

(4) Корисникот кој има намера да ја пренесе сопственоста врз резултатите од проектот или да додели ексклузивна лиценца за користење на резултатите од проектот на друга страна, треба за тоа однапред да го извести Фондот во писмена форма пред да се спроведе споменатиот пренос односно доделување на лиценца и да побара согласност од Фондот за да може да се спроведе истото. Во таквото писмено известување, корисникот ќе наведе кои точно резултати од проектот има намера да ги пренесе, односно отстапи и ќе наведе детални податоци за новиот сопственик, односно корисникот на лиценцата, како и за планираната или потенцијалната комерцијална експлоатација на резултатите од проектот, а ќе достави и образложена анализа за веројатното влијание од преносот или давањето на лиценца врз конкуренцијата на пазарот и усогласеноста на истото со добрите етички правила и со интересите на безбедноста на Република Северна Македонија. Фондот може да побара и дополнителни информации.

(5) Фондот може да одбие да даде согласност за планираниот пренос на сопственоста врз резултатите од проектот односно планираното доделување на ексклузивна лиценца за користење на резултатите од проектот, особено:

а) доколку новиот сопственик, односно ексклузивниот корисник на лиценца е странски државјанин или правен субјект основан надвор од Република Северна Македонија;

б) доколку Фондот наоѓа дека планираниот пренос, односно лиценцирање не е во согласност со начелата на конкуренцијата, со добрите етички начела, или со интересите на безбедноста на Република Северна Македонија. Фондот ќе го извести корисникот во писмена форма за својата одлука по однос на барањето од ставот (4) од овој член во рок од 60 дена од денот на приемот на известувањето, односно од денот на приемот на какви било дополнителни информации кои Фондот може да ги побара. Фондот може во својата одлука да наметне дополнителни услови под кои планираниот пренос на сопственоста, односно планираното доделување на екслузивна лиценца може да се спроведе.

(6) Корисникот не смее да ја пренесе сопственоста врз резултатите од проектот или да додели ексклузивна лиценца за користење на резултатите од проектот на друга страна се додека не добие согласност од Фондот, односно се додека не ги исполни дополнителните услови кои Фондот може

да ги наметне за да се спроведе планираниот пренос на сопственоста, односно планираното доделување на екслузивна лиценца.

(7) Корисникот мора да обезбеди дека новиот сопственик на резултатите од проектот ќе биде обврзан да ги почитува погоре наведените одредби од овој член и дека ќе биде обврзан да обезбеди секој нареден сопственик на резултатите од проектот да биде обврзан да ги почитува одредбите од овој правилник.

(8) Обврските на корисникот од овој член важат за времетраењето на проектот како и сѐ до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување средства.

(9) Доколку корисникот постапил на начин спротивен од одредбите од овој член, Фондот го задржува правото да бара од корисникот да го врати целиот износ или дел од износот на доделени средства.. За овие обврски Фондот го задржува правото од денот на достасаноста до денот на наплатата да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

**Обврска за плаќање на ројалти**

**Член 39**

(1) Во случај на средства доделени во форма на ко-финансиран грант, по успешна комерцијализација, приходите остварени како резултат од проектот добиени од продажбата на производот / услуга или некој друг последователен производ / услуга врз основа на технологијата / процесот развиен во рамки на проектот финансиран од страна на Фондот, станува основа за плаќање на ројалти кон Фондот.

(2) Секое плаќање на ројалти се врши по стапка од 5% од годишниот приход на корисникот остварен со продажба на производот / услугата кои се резултат на проектот, до остварување на поврат на 100% (сто проценти) од износот исплатен од страна на Фондот или за период од пет години по завршувањето на проектот, во зависност од тоа кој услов е прв остварен.

(3) Износот на ројалти се пресметува годишно во тековната година за претходната година, и треба да биде платен од страна на Корисникот кон Фондот најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(4) Во случај доколку за времетраењето на проектот, а се до одобрување на Завршниот извештај од страна на Фондот, корисникот достави доказ за привлечен инвеститор кој вложил износ кој изнесува најмалку 50% од износот на финансиска поддршка доделена од страна на Фондот на корисникот, корисникот ќе биде ослободен од обврската за плаќање на ројалти. Како доказ за направената инвестиција ќе се смета договор, тековна состојба и доказ за направена уплата на инвестицијата.

**Обврски во случај на престанок на Корисникот**

**Член 40**

(1) Во случај на планирано престанување (ликвидација) на Корисникот, Корисникот поднесува барање до Фондот и по добиено претходно одобрение од страна на Фондот може да отпочне постапка за престанување (ликвидација). По ова барање Фондот донесува одлука во најкраток можен рок. Ваквата постапка за престанување (ликвидација) не смее да отпочне без одлука со која Фондот дава претходно одобрение за истата.

(2) Во случај да е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против Корисникот, Корисникот писмено го известува за тоа Фондот во рок од 10 (десет) дена од дознавањето за таквиот предлог.

(3) Обврските на Корисникот од ставовите (1) и (2) на овој член траат во периодот од склучувањето на договорот за доделување на средства помеѓу Фондот и Корисникот сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување средства.

(4) Доколку во периодот определен во ставот (3) од овој член, Корисникот отпочне постапка за престанување (ликвидација) без претходно одобрение од Фондот или не го извести Фондот во рокот од ставот (2) од овој член за поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против него, Фондот може да бара од Корисникот да го врати целиот износ или дел од износот на доделени средства. За овие обврски Фондот може од денот на достасаноста до денот на наплатата да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

**Промени на сопственост на капитал и статусни промени**

**Член 41**

(1) Доколку во периодот од склучувањето на договорот за доделување на средства помеѓу Фондот и Корисникот сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување средства, се спроведе промена на сопственост на капиталот, Корисникот е обврзан во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на уписот на таквата промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија да го извести Фондот за настанатата промена.

**Член 42**

(1) Во случај на планирана статусна промена на Корисникот, Корисникот е должен да поднесе барање до Фондот и да добие претходно одобрение од страна на Фондот за да може да се спроведе таквата планирана промена. По ова барање Фондот е должен да донесе одлука во најкраток можен рок. Ваквата планирана промена не смее да се спроведе без одлука со која Фондот дава претходно одобрение за истата.

(2) Доколку Фондот ја одобрил планираната статусна промена на Корисникот, новиот сопственик на корисникот, односно правниот следбеник на Корисникот е должен во рок од петнаесет (15) дена

по уписот на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија да склучи со Фондот анекс на договорот за доделување на средства со кој ги презема правата и обврските од истиот.

(3) Обврската на Корисникот од ставот (1) на овој член трае во периодот од склучувањето на договорот за доделување на средства помеѓу Фондот и корисникот сѐ до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно договорот за доделување средства.

(4) Доколку во периодот определен во ставот (3) од овој член, се спроведе статусна промена кај Корисникот без претходно одобрение од Фондот, Фондот го задржува правото да бара од Корисникот да го врати целиот износ или дел од износот на доделени средства. За овие обврски Фондот го задржува правото од денот на достасаноста до денот на наплатата да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

## VII. ПРЕКИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 43

Фондот го задржува правото привремено да го прекине финансирањето по склучен договор за доделување на средства, во целост или делумно, особено во следниве случаи:

- доколку барањето за исплата од Корисникот не е во согласност со одредбите од овој Правилник и/или од договорот за доделување средства;
- не е поднесен каков било извештај што Корисникот треба да го поднесе согласно одредбите од овој Правилник, или таквиот извештај е нецелосен или потребни се дополнителни информации;
- постои сомневање кај Фондот за подобноста за финансирање на трошоците презентирани во извештаите и потребни се дополнителни проверки;
- Корисникот сторил или постои сомневање кај Фондот дека Корисникот сторил сериозни повреди на обврските од договорот за доделување средства, и/или одредбите од овој Правилник;
- Корисникот сторил или постои сомневање кај Фондот дека Корисникот сторил измама или проневера, вклучително и при постапката за доделување на средствата;
- во случај да е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против корисникот.

### Член 44

(1) Во случај на настанување на која било од околностите од член 43 од овој Правилник, Фондот го задржува правото да донесе одлука за привремен прекин на финансирањето и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиските средства исплатени на Корисникот до тој момент.

(2) Фондот истовремено со одлуката за привремен прекин на финансирањето испраќа и писмено известување до Корисникот информирајќи го за настанатите прекршувања на договорот за доделување средства со барање Ккорисникот да ги отстрани прекршувањата во рок од 14

(четиринаесет) дена од денот на приемот на известувањето.

(3) По барање на Корисникот, Фондот може да му одобри на Корисникот дополнителни 30 (триесет) дена за отстранување на прекршувањата. Во одредени случаи за кои се чека одлука од соодветен орган во врска со работењето на Корисникот, а кој има влијание на привремениот прекин на финансирањето, рокот за отстранување на тие прекршувања може да се продолжи до конечноста на решението од тој орган.

(4) Во случај Корисникот да ги надмине идентификуваните прекршувања во роковите наведени во став (2) и став (3) од овој член, Фондот ќе донесе одлука за повлекување на привремениот прекин на финансирањето.

(5) Во случај Корисникот да не ги отстрани идентификуваните прекршувања во роковите од став (2) и став (3) од овој член, Директорот на Фондот го известува Комитетот, кој ќе одлучи дали ќе дојде до раскинување на договорот. Во секој случај, Комитетот, при одлучување за раскинување на Договорот може да го земе предвид степеност на искористеност на проектот (напредокот на проектот и реализацијата на истиот).

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА

### Член 45

Фондот го задржува правото да го раскине договорот за доделување средства во целост или делумно, во случај на проневера и прекршување на обврските од договорот за доделување средства, и/или одредбите од овој Правилник, а особено во следниве случаи:

1. Доколку Корисникот наменски не ги користи одобрените финансиски средства, вклучувајќи и прераспределба на средства во процент поголем од утврдениот процент на средства од вкупниот буџет на проектот согласно член 31;
2. Доколку Корисникот со намера за измама дава неточни податоци во текот на постапката за доделување средства и за времетраењето на договорот за доделување средства кои имаат материјално влијание на проектот;
3. Доколку Корисникот не воведе соодветни политики и процедури кои ќе му овозможат на Фондот да врши надзор и да го оцени напредокот на проектот;
4. Доколку Корисникот не воведе и одржува систем на финансиско управување и не подготвува финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди на начин кој соодветно ќе ги рефлектира активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот;
5. Доколку Корисникот на барање на Фондот не дозволи ревизија од страна на независен ревизор и/или стручно лице за ревизија назначени од Фондот;
6. Доколку Корисникот не му обезбеди на Фондот и/или на лица назначени од страна на Фондот, да извршат увид во спроведувањето на проектот, неговите активности, остварени резултати и сите релевантни документи за проектот, или на сметките и/или истите да ги достави до Фондот на негово барање;
7. Доколку Корисникот не го извести Фондот за секоја значајна промена со материјално

влијание врз проектот;

8. Доколку Корисникот постапува спротивно на одредбите од членот 27 став 4 од овој правилник кои се однесуваат на измама и корупција;
9. Доколку корисникот постапува со резултатите од проектот на начин спротивен од одредбите од член 38 од овој правилник.
10. Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од член 40, 41 и/или 42 од овој правилник во случај на промени на сопственост на капитал односно сопственичката структура, статусни промени и престанување;
11. Во случај да е поднесен предлог за поведување на стечајна постапка против корисникот.

**Член 46**

(1) Во случај на настанување на било која од околностите од член 45 од овој Правилник, Фондот го задржува правото да донесе одлука за раскинување на договорот и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиски средства исплатени на Корисникот до тој момент.

(2) Одлуката за раскинување на договорот за доделување на средства и на финансирањето ја носи Комитетот.

(3) Во случај на раскинување на договорот Фондот го задржува правото да бара поврат на целиот или дел од износот исплатен од Фондот на Корисникот, а посебно во случаи кои се однесуваат на условите наведени во член 45 став 1 алинеи 2, 5, 6 и 8 од овој Правилник, Фондот го задржува правото да бара и надомест на штета.

(4) Доколку договорот за доделување средства е раскинат од било која причина опфатена со член 44 од овој Правилник, а доделените финансиски средства не се потрошени, корисникот е должен да го врати на Фондот целиот непотрошен износ на средства во рок утврден од страна на Фондот но не пократок од 8 (осум) дена, во спротивно тој паѓа во задоцнување и на истиот износ може да биде обврзан да плати законска казнена камата во согласност со Законот за облигациони односи сметано од денот на доцнењето, се до конечната исплата.

(5) Во случај да настанат условите наведени во член 45, став 1 алинеја 9 и/или 10 од овој Правилник, Фондот го задржува правото да побара од корисникот да врати целосен или делумен износ од средствата исплатени од Фондот на Корисникот. Од денот на достасаноста до денот на наплатата, Фондот го задржува правото да пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

(6) Фондот има право да бара казнена камата, надомест на штета и да започне соодветна постапка за обезбедување на побарувањата од корисникот согласно условите предвидени во договорот и во овој Правилник, во најкраток можен рок, доколку Корисникот не ги исполни условите наведени во став 3, 4 и 5 од овој член за да се изврши целосно враќање на веќе исплатените средства кон корисникот.

(7) Сите исплати треба да бидат исплатени на Фондот во денари.

(8) Во секој случај, Фондот, при одлучување за раскинување на договорот може да го земе предвид

степеност на искористеност на проектот (напредокот на проектот и реализацијата на истиот).

**Член 47**

(1) Фондот може да го раскине договорот за доделување средства врз основа на барање на Корисник или тимот за следење, доколку поради неизбежна пречка од технички или пазарен аспект се доведат во прашање идните резултати на проектот.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, Фондот ќе побара од корисникот да достави документација до Фондот и да побара престанок на проектот и финансирањето. Последователно, Комитетот ќе утврди дали постои оправданост на доказите за постоење на неизбежна пречка која ги доведува во прашање идните резултати на проектот и ќе донесе соодветна одлука. Доколку Комитетот одлучи дека се исполнети условите наведени во ставот (1) на овој член, Корисникот нема да биде обврзан да ги врати доделените средства.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 48**

За сите работи кои не се уредени со овој правилник, ќе се применуваат одредбите од законските прописи на Република Северна Македонија.

**Член 49**

На договорите за доделување средства склучени со Фондот до денот на влегувањето во сила на овој Правилник ќе се применуваат соодветните акти на Фондот согласно кои истите се склучени.

**Член 50**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации бр. 01-528/5 од 11.02.2019 година и 01-1425/12 од 04.07.2019 година.

**Член 51**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на Огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Бр.** 01-2572/5
**Скопје,** 19.07.2021 **година**

**Претседател на Управен одбор**
**Моника Јованова**

Врз основа на член 22 став 1 и став 4 и член 30 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 19.07 2021 година ја донесе следната

Одлука

за донесување на Правилник за инструментот за поддршка – Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации

Член 1

Се донесува Правилник за инструментот за поддршка – Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации на Фондот за иновации и технолошки развој.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Број 02-2572/4
19.07.2021 година
Скопје

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

Република Северна Македонија * Фонд за иновации и технолошки развој * Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik * Скопје-Shkup